# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 18
14 ноември 2025 година

Година LXII


## С О Д Р Ж И Н А


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 846. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на донација од ДМ дрогерие маркт Македонија. | 1160 |
| 847. | Одлука за давање согласност на донација од ДМ дрогерие маркт Македонија. | 1160 |
| 848. | Решение за објавување на Одлука за дополнително финансиско учество на Општина Штип во проектот „Изградба на дел од локален пат од село Шашаварлија, село Кошево, село Почивало“во Општина Штип. | 1161 |
| 849. | Одлука за дополнително финансиско учество на Општина Штип во проектот „Изградба на дел од локален пат од село Шашаварлија, село Кошево, село | 1162 |

| | | |
|---|---|---|
| | Почивало“во Општина Штип. | |
| 850. | Решение за објавување на Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на условите и начинот на користење на спортските терени и објекти. | 1163 |
| 851. | Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на условите и начинот на користење на спортските терени и објекти. | 1163 |
| 852. | Решение за објавување на Одлука за донесување на стратегија за развој на воспитно-образовниот систем во Општина Штип (2025-2030). | 1164 |
| 853. | Одлука за донесување на стратегија за развој на воспитно-образовниот систем во Општина Штип (2025-2030). | 1164 |
| 854. | Стратегија за развој на воспитно-образовниот систем во Општина Штип (2025-2030). | 1165 |
| 855. | Решение за објавување на Измени и дополнувања на буџетот на Општина Штип за 2025 година. | 1198 |
| 856. | Измени и дополнувања на буџетот на Општина Штип за 2025 година. | 1199 |
| 857. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Штип за 2025 година за период од 01.01.2025–30.09.2025 година. | 1247 |
| 858. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Штип за 2025 година за период од 01.01.2025 – 30.09.2025 година. | 1248 |
| 859. | Решение за објавување на Решение за престанок на мандат на  Добрила Черкезова. | 1291 |
| 860. | Решение за престанок на мандат на Добрила Черкезова. | 1291 |
| 861. | Решение за објавување на Решение за престанок на мандат на  Величе Николова. | 1292 |
| 862. | Решение за престанок на мандат на  Величе Николова. | 1292 |
| 863. | Решение за објавување на Решение за престанок на мандат Стојан Коцев. | 1293 |
| 864. | Решение за престанок на мандат Стојан Коцев. | 1293 |
| 865. | Решение за објавување на Програма за измена на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2025 година. | 1294 |
| 866. | Програма за измена на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2025 година. | 1295 |

846.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОНАЦИЈА ОД ДМ ДРОГЕРИЕ МАРКТ МАКЕДОНИЈА

I

Се објавува Одлука за давање согласност на донација од ДМ дрогерие маркт Македонија.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7635/2 — Општина Штип
14 ноември 2025 година — Градоначалник

Ш т и п — Иван Јорданов, с.р.

847.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 4 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр.47/06, 86/08, 51/2011, 28/2014, 153/15) член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип број 01/03,18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) Советот на Општина Штип на седница, одржана на ден 14 ноември 2025 година, ја донесе следната

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОНАЦИЈА
ОД ДМ ДРОГЕРИЕ МАРКТ МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за примање на донацијата од ДМ ДРОГЕРИЕ МАРКТ МАКЕДОНИЈА, на 50.000 садници кои се дел од Националната кампања на ДМ дрогерие маркт - Пошумуваме заедно за позелено утре.
Вкупната вредност на донацијата изнесува 1.254.340,00 денари.

Член 2

Донацијата се дава за реализација на акцијата - Пошумуваме заедно за позелено утре, со цел - Обнова на зелената површина на територијата на Општина Штип, КО Калапетровци во површина од 25 хектари.

Член 3

Давателот на Донацијата од став 1 на овој член, се обврзува да донира и дополнителна опрема за учесниците и доброволците во акцијата, во вид на 350 кабаници и 500 ракавици, во вредност од 272.250 денари.

Член 4

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со доделување на донацијата од член 1, градоначалникот на Општина Штип како примател на донацијата, ќе склучи Договор за донација, со давателот на донацијата од член 1 на оваа одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 7635/1 | Совет на Општина Штип
14 ноември 2025 година | Претседател,

Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р.

848.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПРОЕКТОТ „ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД ЛОКАЛЕН ПАТ ОД СЕЛО ШАШАВАРЛИЈА, СЕЛО КОШЕВО, СЕЛО ПОЧИВАЛО“ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за дополнително финансиско учество на Општина Штип во проектот „Изградба на дел од локален пат од село Шашаварлија, село Кошево, село Почивало“во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7636/2
14 ноември 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

849.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 ноември 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПРОЕКТОТ „ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД ЛОКАЛЕН ПАТ ОД СЕЛО ШАШАВАРЛИЈА, СЕЛО КОШЕВО, СЕЛО ПОЧИВАЛО“ ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се одобрува дополнително финасиско учество во проектот „Изградба на дел од локален пат село Шашаварлија - село Кошево - село Почивало“ во износ од 320.956,00 денари без вклучен ДДВ.

Член 2

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 7636 /1
14 ноември 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

850.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ

I

Се објавува Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на условите и начинот на користење на спортските терени и објекти.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7637/2 Општина Штип
14 ноември 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

851.

Врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 ноември 2025 година, донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Правилникот за утврдување на условите и начинот на користење на спортските терени и објекти (Службен гласник на Општина Штип број 04/22) во членот 6, точка 6 Спортска сала при ООУ „Тошо Арсов“, се додава нова алинеа која гласи:

-25.000 денари за одржување на јавни собири, од ден.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 7637/1
14 ноември 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

852.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ВО ОПШТИНА ШТИП (2025-2030)

I

Се објавува Одлука за донесување на стратегија за развој на воспитно-образовниот систем во Општина Штип (2025-2030).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7638/2
14 ноември 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

853.

Врз основа на член 15 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 ноември 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА
ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ВО ОПШТИНА ШТИП
(2025-2030)

Член 1

Се донесува стратегија за развој на воспитно – образовниот систем во Општина Штип (2025-2030).

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е стратегијата за развој на воспитно-образовниот систем во Општина Штип (2025-2030).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 7638/1
14 ноември 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

854.

Стратегија за развој на воспитно-образовниот систем во Општина Штип
(2025-2030)

Содржина

Вовед....1166
Визија и мисија....1167
*Визија за иднината на образовниот процес во општина Штип....1167*
*Мисија на општина Штип за образовниот систем во иднина....1168*
Цели за реализација на поставената визија и мисија....1168
Приоритети за унапредување на образовниот систем во Штип....1172
Стретегии и процедури....1176
Број на ученици и наставен кадар во училиштата....1177
Образовна инфраструктура....1180
*Инфраструктура во основно образование....1180*
*Инфраструктура во средно образование образование....1184*
*Студентски и ученички домови во Штип....1185*

Наставен кадар во Општина Штип ........ 1187
Инклузивност и еднаквост ........ 1189
Интегрирање на детските градинки во образовниот процес ........ 1191
Мерки за стимулирање на учениците ........ 1192
Активно вклучување на локалната заедница во образовниот процес ........ 1193
Заклучоци и препораки ........ 1194

## Вовед

Општина Штип се наоѓа во Источен регион на Република Македонија и зафаќа територија од 583.24 km². Се граничи на запад со Лозово и Градско, на исток со Радовиш, на југ со Конче и Неготино, на север со Свети Николе и Пробиштип, на североисток со Карбинци. Согласно податоците од Попис на население 2021, на територијата на општина Штип живеат 44,866 жители и 16,695 домаќинства. Според територијата и бројот на жители во Штип живеат 76 жители на метар квадратен. Во општина Штип се лоцирани следниве населени места: Балталија, Брест, Врсаково, Горачино, Доброшани, Долани, Драгоево, Едеклерци, Јамуларци, Калапетровци, Кошево, Криви Дол, Лакавица, Лесковица, Липов Дол, Љуботен, Никоман, Ново Село, Пенуш, Пиперово, Почивало, Пухче, Сарчиево, Селце, Скандалци, Софилари, Стар Караорман, Степанци, Суво Грло, Судик, Сушево, Танатарци, Тестемелци, Топлик, Три Чешми, Хаџи-Реџепли, Хаџи-Сејдели, Хаџи-Хамзали, Црешка, Чардаклија, Чифлик, Шашаварлија, Шопур и Штип.

Во Штип, како и во Република Македонија постои трендот кој го има зафатено Европскиот континент, односно во последните децении се бележи континуирано стареење, а со тоа и намалување на бројот на населението. Во Македонија посебно се нагласени негативните демографски трендови, предизвикани од намалувањето на стапката на природен прираст и интензивната емиграција во странство. Тие претставуваат предизвик за државата и јавните политики кои таа ги развива и спроведува. За соодветен одговор на овој предизвик, потребна е значителна посветеност и заложба од страна на сите институции.

Штип важи за образовен центар на истокот на Македонија, град каде што во минатото како учители работеле и големите Гоце Делчев и Даме Груев. Денес Штип е дом на бројни воспитно-образовни институции и тоа:

Две детски градинки и тоа: ОЈУДГ „Астибо“ Штип со пет клона и ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“ со четири клона;

Пет основни училишта и тоа: ООУ „Ванчо Прке“ Штип, ООУ „Славејко Арсов“ Штип, ООУ „Димитар Влахов“ Штип, ООУ „Гоце Делчев“ Штип и ООУ „Тошо Арсов“ Штип;

Три средни општински училишта и тоа: СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ Штип, СОУ „Јане Сандански“ Штип (средно стручно медицинско училиште) и СОУ „Димитар Мирасчиев“ Штип (средно стручно текстилно училиште);

ДСУ „Искра“ Штип (средно државно училиште за ученици со попречености); ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ Штип (средно државно музичко училиште);

ДСУ Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Нехтенин“ Штип;

Универзитет „Гоце Делчев“ Штип.

Во основните училишта во Штип наставата се изведува на два наставни јазика: македонски и турски наставен јазик. Во основното образование, според податоците 97% од учениците наставата ја следат во централната зграда на училиштата. Во средните училишта наставата се изведува на македонски наставен јазик.

Образовниот систем во Штип во последните години се соочува со континуиран пад на бројот на новозапишани ученици, а притоа се задржува константен бројот на наставници. На овој начин имаме зголемена цена на чинење на образованието од аспект на ангажирање на кадар, што влијае на ефикасноста на трошењето во основното образование.

Дополнително, Штип се соочува и со проблемот на сегрегација на учениците Роми во ООУ „Гоце Делчев“ што резултираше со изгубен спор по поднесена тужба од група граѓани „Елмазова и други против Република Македонија“ во Европскиот суд за човекови права, бр. 11811/20 и 13550/20, Токму поради ова, прашањето за сегрегацијата е проблем што бара итно решение. Во суштина, намалувањето на бројот на ученици како појава е правопропорционална на појавата на сеграгацијата на учениците Роми. Со намалување на училишните обврзници се зголемува бројот на празни места во основните училишта, со што се зголемуваат можностите на родителите да бираат каде би го запишале своето дете. На овој начин силно се истакнува проблемот со процентуално зголемување на ученици Роми во ООУ „Гоце Делчев“. Друг фактор кој значително влијае на појава на сегрегација на ученици Роми е локациската поставеност на ова училиште.

Кај средните училишта проблемот со привлекување на ученици од околните општини воглавно лежи во недоволниот капацитет за сместување на учениците. Во градот воопшто нема ученички дом, што ги тера учениците да бараат алтернативно приватно сместување или пак секојдневно да патуваат. Секојдневното патување на учениците на средните училишта им создава значајна финансиска обврска, што пак резултира со недоволни финансии за обезбедување на останатите есенцијални елементи како и вложувањето во нови технологии.

Она што е важно да се потенцира е дека образовните институции се вистинска гордост на Штип, а фактот дека овде работат повеќе од 1000 лица покажува дека образованието е една од најважните гранки за општината и место каде што многу наши сограѓани се имаат професионално реализирано. Круна на образовниот систем во Штип е Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип кој со текот на времето се профилираше како една од водечките високообразовни институции во Македонија.

Сепак, за да се задржи постојаното ниво, но и да се унапреди квалитетот на образовниот систем, неопходно е да се развие стратегија која би се насочила кон решавање на проблемите, но и користење на можностите и капацитетите со цел подобрување на целиот воспитно - образовен систем во општината.

## Визија и мисија
## Визија за иднината на образовниот процес во општина Штип

Визијата која ја имаме како општина во областа на воспитно-образовниот систем е Штип и во иднина да го задржи приматот образовен центар на Истокот, нудејќи квалитетно образование кое ги подготвува учениците за успешен пат во животот. На овој начин ќе се креира иднина во која образованието освен основа за личен развој, ќе биде вистински генератор на економски и социјален напредок на заедницата.

Тоа ќе се постигне преку создавање на иновативно, инклузивно и современо училишно опкружување, кое ќе ги поддржи амбициите на сите ученици и ќе ги подготви за иднината.

Со оптимизација на ресурсите и унапредување на инфраструктурата, училиштата ќе бидат опремени со модерни училници и ќе бидат креативни ефикасни простори за учење.

Реализираната дигитализација ќе овозможи создавање на квалитетен, креативен, модерен пристап во процесот на учење, овозможувајќи им на учениците да учат во интерактивна средина и да стекнат дигитални вештини кои се апсолутно неопходни и предуслов за успешен развој на секое општество.
Со воведената едносменска настава во сите училишта во Штип ќе се стекнат сите придобивки кои ги носи оваа реформа.
Наставниот кадар ќе биде целосно соодветен, вискомотивиран и континуирано ќе работи на унапредување на сопствените знаења и квалификации.
Ќе биде воспоставена цврста, континуирана и стручна соработка на образовните институции со Универзитетот „Гоце Делчев“.

## Мисија на општина Штип за образовниот систем во иднина

Мисијата на Општина Штип е создавање на инклузивен и иновативен образовен систем, кој ќе овозможи секој ученик да го достигне својот полн потенцијал. Со фокус на оптимизација на ресурсите и модернизација на инфраструктурата, идејата е да се создадат училишта кои ќе бидат центри на знаење и креативност. Дополнително, посебен акцент ќе се стави и на зголемување на опфатот на деца во предучилишно образование, со цел доближување до европскиот просек.
Модерниот живот ја има дигитализацијата во својот фокус, а стремежот на Штип ќе биде кон имплементирање на дигитализацијата во образовниот процес, што ќе им овозможи на учениците да се подготват за предизвиците на 21-от век. Фокус ќе биде ставен и на унапредување на знаењето и вештините на наставниот кадар, обезбедувајќи им континуирана обука и поддршка.
Посебен фокус ќе се стави на поттикнување на активна соработка помеѓу учениците, наставниците, родителите и заедницата, создавајќи силна мрежа на поддршка. Целта е да се обезбеди висококвалитетно образование на секое ниво, кое како систем не само што ќе ги подготви учениците за успешни индивидуални кариери, туку и ќе ги инспирира да станат активни и одговорни членови на општеството.

### Цели за реализација на поставената визија и мисија

Законска обврска, на секоја локална власт кога станува збор за образованието е обезбедување на висок квалитет на основно и средно образование за секој ученик во општината.
Во таа насока општината треба да обезбеди услови за создавање на иновативно и современо училишно опкружување, кое ќе ги поддржи амбициите на учениците така што ќе им обезбеди висок квалитет на образование, а со што ќе ги подготви за иднината.
Земајќи ја предвид економската состојба во која се наоѓаме, најдобро и можеби единствено можно решение е оптимизацијата на ресурсите, со што ќе овозможи унапредување на инфраструктурата, преку подобро искористување на истата, но и нејзина модернизација и дигитализација. Во насока на постигнување на посакуваната визја и мисија за образованието во нашиот град, сметаме дека е потребно поставување на конкретно мерливи цели.
Целите можат да се поделат во неколку групи и тоа:

**Оптимално користење на ресурсите**:

*Инфраструктура*
Факт е дека и најразвиените земји во светот не располагаат со неограничени ресурси, а Македонија и Општина Штип не само што не се исклучок од ова правило туку напротив, располагаат со релативно ограничен фонд на ресурси, па затоа напредокот

е можен само доколку се овозможи оптимално користење на истите. Во оваа насока потребна е соодветна анализа на моменталните инфраструктурни капацитети, средствата кои ги добива Општина Штип од Централниот буџет на Република Македонија, средства кои се обезбедуваат од локалниот буџет како и потенцијалот за обезбедување на дополнителни средства за унапредување на инфраструктурните капацитети. Според наведеното, конкретни долгорочни цели во овој сегмет се следниве:

Оптимално користење на инфраструктурата, пренамена на неискористениот простор, а со цел генерирање на заштеди кои директно би се инвестирале назад. Краткорочните цели во овој елемент ќе произлезат по направена анализа за просторот со кој се располага во моментов во поглед на квадратурата и простор кој е оптимално потребен за да се одвива воспитно-образовниот процес;

Оптимално користење на финансиските средства, во насока на генерирање заштеди, а преку анализа на основните режиски трошоци како што се: загревањето/ладењето на просторот, организирање на едносменската настава, оптимално користење на превозот со цел создавање на заштеди и во овој дел.

*Наставниот кадар* како ресурс е неопходен двигател на образованието, а оптималното користење на истиот е од витално значење за иднината на образованието. Знаењето е основата на образовниот систем, а учениците ќе се стекнат со истото само доколку воспитно-образовниот процес го спроведуваат висококвалификувани наставници кои се стручни и соодветни за дадениот предмет и кои можат да го пренесат потребното знаење.

Во овој сегмент потребно е да се изработи **анализа** (достапна во делот *Обука и професионален развој на наставници*) за моментално расположливот фонд на соодветен (согласно нормативите), наставен кадар во рамки на основните и средните училишта. Дополнително, врз основа на изготвената анализа, потребно е да се направи оптимизација, со цел подобро искористување на постоечкиот соодветен наставен кадар, а во насока на максиомално искористување на потенцијалот на истиот.

Планирањето на човечките ресурси, односно профилот на воспито - образовниот кадар (правилната политика за професионалната ориентација) е исто така неопходно, доколку сакаме да градиме систем на долги стази. Во оваaа насока, потребна е **анализа** на идните промени на наставниот кадар по основ на пензионирања, а со цел таргетирање на можни дефицитарни струки. Тоа значи дека треба да се направи споредба на расположливиот образован наставен кадар со портребите кои ќе се појават во наредните години, поради пензионирање и да се направат напори за навремено „регрутирање“ на млади стиуденти кои своето образование би го оформиле како идни наставници. Планирајќи ја правилно иднината, преку спроведување и на одредени стимулативни мерки можат да се искористат ресурсите во насока на создавање на кадри денес, кои во иднина навремено и соодветно ќе ги пополнат испразнетите работни позиции, а со тоа ќе се обезбедат соодветни, квалификувани наставници за нашите ученици.

**Модернизација и создавање на нова инфраструктура**:

*Унапредување на инфраструктурата* е клучен елемент во создавање на висококвалитетен образовен систем. Општина Штип несомнено располага со потребната инфраструктура за да важи за образовен центар на Истокот, но динамичното време во кое денес живееме ја носи потребата од постојано инвестирање

во истата, со цел нејзино модернизирање и прилагодување на потребите на денешницата. Унапредувањето подразбира: инвестиции во дигиталната технологија со кои ќе се обезбедат најсовремени услови за учење; посветување на посебно внимание на енергетската ефикасност преку поставување на нови соодветни прозорци и врати, енергетско-ефикасни кровни површини и фасади како и поставување на фотоволтаични панели на објектите на воспитно-образовните институции.

*Создавање на нова инфраструктура* ќе биде потребно доколку во процесот на зголемување на опфатот на ученици во предучилишно образование се појави дефицит на простор. Оваа состојба се очекува да се појави на долг рок и како таква не би била во приоритети на краток рок. Потребата од нова инфраструктура на краток рок се очекува да се појави при детектирање на училишта каде истата ќе биде потребна со цел импелементирање на едносменска настава. Воведувањето на едносменската настава е заложба на Министерството за образование и наука на Република Македонија, која ќе овозможи зголемување на периодот на престој на учениците во училиште, намалување на режиските трошоци и оптимално искористување на ангажираниот наставен кадар.

**Мрежно поврзување со цел создавање на пофункционален воспитно-образовен систем**

Често се зборува за воспитно-образовен систем, но за да може да се зборува за систем во вистинска смисла на зборот, потребно е сите сегменти да функционираат како делови кои меѓусебно се надополнуваат и по пат на синергија му додаваат вредност на самиот систем. Велиме „Цело е кога имаме сè“ , а за да можеме да зборуваме дека имаме сè,  потребно е од предучилишно, па преку основно и средно образование, до високо образование, елементите да функционираат како едно т.е. да имаме силна поврзаност на единките на системот. Во оваа насока, а со цел максимално искористување на капацитетите, потребно е целосно вмрежување на инсититуциите, и тоа во неколку фази:

**Фаза 1** – вмрежување на детските градинки со основните училишта. Ова е есенцијален елемент кој е важен за правилно насочување на секое дете кое го започнува своето предучилишно образование. Впрочем, ова ќе значи заштеда на ресурси затоа што, сè она што е забележано за детето како индивидуа ќе биде пренесено во училиштето во кое истото ќе го започне своето основно образование. Ова значи дека веднаш ќе бидат детектирани учениците кои имаат одредени попречености или пак склоност и талент за одредена активност (вештина) и со тоа на истите ќе им биде обезбедена соодветната поддршка. Дополнително, основните училишта ќе можат соодветно да го планираат формирањето на одделенијата, а со тоа да внимаваат и на инклузивноста и да ја исклучат можноста од појава на сегрегација, проблем со кој Општина Штип се соочува во последната декада.

**Фаза 2** – вмржување на основните со средните училишта, што ќе значи следење на афинитетите на секој ученик кој образованието го продолжил во задолжителното средно училиште. На овој начин професорите во средните училишта ќе имаат соодветни предзнаења за потенцијалот на учениците и ќе можат правилно да го обликуваат истиот.

**Фаза 3** – меѓусебно користење на ресуристе на образовните институции со цел унапредување на знаењата. Овде се мисли на можност за користење на ресурсите со кои располага одредено училиште на територија на Општина Штип, од страна на друго училиште.

Така на пример, капацитетите се кои располага медицинското училиште ќе можат да се користат и од страна на останатите средни училишта, но исто така и од основните. Инвестициите кои ќе се случат во **ДСУ РЦСОО „Коле Нехтенин“** кое прерасна во регионален центар, ќе можат исто така да се користат од останатите училишта.

**Универзитетот „Гоце Делчев“** како водечка воспитно-образовна институција во нашиот град, своите капацитети би можел да ги стави на располагање на средните училишта, со што би се очекувале значителни постигнувања, пред сѐ во:

**СОУ „Јане Сандаски“**- користејќи ги ресурсите на УГД, ова училиште ќе може да имплементира позитивни и значајни промени во своите струки и тоа:

(1) да ја користи лабораторијата на универзитетот за потребите на профилите: *фармацевтски техничар*, *лаборантски техничар* и *медицински техничар*;

(2) да ги користи ресуристе, пред сѐ во делот на информатичката технологија и употребата на 3Д принтери во профилот *забен техничар,* со цел замена на рачното моделирање на заби со компјутерско моделирање.

Ова ќе создаде можност за формирање на реални компании, но и за отварање на дополнителни образовни насоки во постсредно образование што ќе значи генерирање дополнителни приходи. Ваквата практика ќе овозможи јакнење на образовниот систем во нашата општина.

Како пример, овде може да се наведе на едно средно училиште во Скопје во кое се врши и технички преглед на возила од што училиштето генерира дополнителни приходи, додека пак две училишта на територија на Македонија имаат насоки за обука на пожарникари која е задолжителна за секој кој сака да ја работи оваа благородна работа.

Воведувањето на овие новини ќе отвори нови и современи можности за учење, но и работа за време на учење и директна конекција со приватниот сектор.

**Регионалниот центар за стручно образование и обука „Коле Нехтенин“** Штип, исто така ќе може да ги понуди своите нови ресурси на универзитетот, но и активно да ги користи веќе постоечките со кои располага УГД. Ова значи можност за унапредување на информатичката, машинската и угостителската струка.

**СОУ „Димитар Мирасчиев“ Штип**, како текстилно училиште во овој момент располага со мал број простории што ја ограничува и можноста за унапредување и модернизирање на оваа училиште. Таквата „статус кво“ состојба води кон драстично намалување на бројот на ученици кои се запишуваат во истото.

Размислувајќи за иднината, а со цел враќање на сјајот на текстилното училиште, потребно е имплементирање на нови струки и профили кои ќе значат и нова понуда за индите средношколци. Оваа е можно само доколку се случат соодветни вложувања во оваа училиште како во делот на инфраструктурата така и во делот на опремата со која истото располага.

Значи, неопходно е да се размислува за оптимално искористување на ресурсите со цел обезбедување на подобри просторни услови за СОУ „Димитар Мирасчиев“, притоа создавајќи ситуација во која и Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип исто ќе добие дополнителен простор.

Ова би било реално остварливо доколку соодветно да се унапредат и модернизираат просториите кои во овој момент не се користат, а се реалност и се во сопственост на ДСУ РЦСОО„Коле Нехтенин“. Преку инвестиција во овие простории ќе се создаде можност за унапредување на просториите со кои располага СОУ „Димитар Мирасчиев“ што ќе значи нови простории како за текстилното училиште така и за универзитетот.

**Инклузивност на образовниот процес во општина Штип**

Кога се зборува за инклузивност, се мисли на достапност на воспитно-образовните институции до секој граѓанин на Штип, без разлика на тоа дали има одредена попреченост или не, без разлика на неговата вера, националност, пол, бојата на кожата итн.

Постигнувањето на инклузивноста во образованието може да се реализира преку остварување на цели кои можеме да ги поделиме во две групи и тоа:

*Обезбедување на пристапни училишта за учениците со попреченост*, што значи физичка пристапност, но и создавање на клима во која овие ученици ќе бидат прифатени од страна на останатите со кои ќе го поминуваат времето. Во оваа насока, важно е да се напомене дека во речиси сите училишта во Штип веќе се поставени пристапни рампи, а дополнително локалната самоуправа има набавено и неколку помагала за движење на инвалидски колички по скалила. Адаптација на тоалетите е исто така постапка која се спроведува во училиштата со цел зголемување на физичката пристапност. Во оваа насока потребно е да се постават и тактилни стази, со цел дополнително да се унапреди пристапноста на објектите. Важен приоритет во овој сегмет и создавање на пристапни рампи и во детските градинки со што ќе се зголеми пристапноста и на овие установи.

*Инклузивност на различностите*, каде секој ученик ќе има подеднакви права и пристап до образовните институции, без разлика на полот, верата или националноста. Во оваа насока главен проблем со кој се соочува Штип е проблемот со сегрегација на ученици Роми во ООУ „Гоце Делчев“ Штип, проблем кој воопшто не му доликува на Штип како образовен центар на Истокот. Иако не станува збор за класична сегрегација т.е. сите ученици во ова училиште имаат еднаков пристап до истите ресурси, сепак факт е дека се појавува социјална бариера помеѓу учениците од различните етникуми. Во оваа насока потребно е да се работи на креирање на клима која ќе помогне истиот полека да се надмине, но и да се работи на конкретни решенија кои ќе овозможат решавање на истиот. До сега постојат обиди за решавање но, секако како таков не може да се реши преку ноќ, односно брзото решавање значи преземање на радикални мерки. Впрочем, решението на проблемот можеби е потребно да се бара и на друго место, различно од она што досега било ставено на маса како на пример оптимизацијата на ресурсите, пренамена на истите со цел максимизирање на просторот, наставниот кадар што ќе овозможи и сигурна десеграгација на ученците Роми.

*Зголемување на опфатот на деца* во предучилишно образование и доближување до европскиот просек е исто така есенцијална цел која не само во Штип, туку и на ниво на цела наша држава е потребно да се реализира. Впрочем, ова се јавува и како забелешка во Извештајот кој Европската унија го изработува за нашата држава каде што во повеќе наврати е нотирано дека во моментот опфатот на ученици во предучилишно образование во Македонија е на половина во однос на европскиот просек, кој се движи од 92-93%.

## Приоритети за унапредување на образовниот систем во Штип

Штип е административен, образовен, културен и економски центар на Истокот, не затоа што ова е реченица која постојано се повторува во јавноста, туку затоа што константно се работи на унапредување на сите сегменти од живеењето во градот.

Всушност, со појавата на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип доби една нова димензија кога станува збор за образованието и со тоа се отворија многу можности за понатамошен раст и развој. Континуираниот раст пак, сам по себе значи константно унапредување во секоја сфера, следење на светските трендови, слушање на потребите на јавноста и макотрпна работа во зачувување и унапредување на она со што располагаме, но и создавање на нешто ново кое ќе остане за идните генерации.
Образованието е клучен столб за една држава, а реализацијата на поставните цели во делот на образованието треба да се одвива според одредени приоритети. На овој начин етапно ќе се унапредува воспитно образовниот систем. За таа цел, потребно е активностите да бидат добро планирани и реално остварливи, во дадениот рок. Во продолжение ќе ги анализираме приоритетите на Општината во однос на образованието кои ќе бидат дефинирани како проекти кои ќе се реализираат на краток, среден и долг рок.

***Приоритети на општина Штип на краток рок:***

**Оптимизирање на ресурсите со цел подобро искористување на капацитетите со кои се располага.**
Факт е дека поставеноста на системот во овој момент датира од еден период во минатото кога самиот град имал поголем природен прираст и кога миграцијата како појава не била толку присутна. Во минатото секоја паралелка броела 30 или повеќе ученици.
Денес имаме сосема поинаква слика. Реалноста, која поаѓа од бројот на наставниците, налага во секое училиште да се формираат паралелки со број на ученици кој е под законскиот минимум, за што се бараат посебни согласности од МОН и од Советот на општината како основач на основните и средните општински училишта. Иако формирањето на паралелки со помал број на ученици само по себе не е негативна појава и не го намалува квалитетот на образованието на учениците, сепак, факт е дека на овој начин се трошат големи средства и дека како заедница не располагаме со потребните средства ова да го финансираме на долг рок. Или поинаку кажано, наставниот кадар кој го имаме, бројно одговара на потребите за образование на многу поголем број на ученици. Во даден момент, кога би се формирале паралелки со законски оптималниот број на ученици, драстично би се намалил бројот на паралелки, со што дел од наставниот кадар би останал буквално без работа. Имајќи го сето ова во предвид, потребно е да се реализираат активности кои етапно ќе го решаваат овој проблем, но притоа нема да предизвикат губење на работни места, односно постигнување на „вин-вин“ ситуација.

**Развивање на процедура за планирање на иднината т.е. потребниот број на наставници по соодветни наставни предмети.** Оваа процедура е есенцијална доколку сакаме висок квалитет на образование и сметаме дека е потребно е да се донесе час побргу. Овде, покрај општина Штип како основач на училиштата активно треба да се вклучат и Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип како и Агенцијата за вработување на Република Македонија. На овој начин ќе се води грижа за пензионирањата на наставниот кадар, со што ќе се предвиди идната потребна за „производство“ на наставен кадар која Универзитетот „Гоце Делчев“ треба да ја испорача до Агенцијата за вработување.

**Решавање на проблемот со сегрегација на учениците Роми во ООУ „Гоце Делчев“ Штип** е исто така врвен приоритет на краток рок, имајќи ја во предвид ургентната потреба за решавање на овој проблем, поради фактот дека државата беше тужена од група граѓани и го загуби спорот пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Државата, општината и сите други засегнати страни имат обврски кои произлегуваат од судскиот спор. Општина Штип веќе извесно време активно работи на решавање на овој проблем. Во таа насока, локалната администрација изготви Акциски план за десегрегација на ученици од ромска нацоналност во ООУ „Гоце Делчев“, кој беше усвоен од страна на Советот на општината, Планот содржи низа мерки и активности, а меѓу нив предвиде и промена на Реонизацијата на јавните основни училишта на територијата на Општина Штип, која беше реализирана со донесување на нова реонизација, од страна на Советот на Општина Штип, бр. 08-3571/1 од 29.4.2025 год.

Сепак, и покрај бројните напори, решението на проблемот денес во реалноста не е поблиску до нас од периодот пред имплементирањето на овие мерки. Затоа е потребно, за решавање на истиот, да се навлезе во суштината, односно реално да се анализира зошто истот воопшто се појавил. Училиштето „Гоце Делчев“ локациски се наоѓа близу т.н. „Ромско маало“ во кое живее претежно ромско население и според тоа, природно има поголем број на ученици Роми кои гравитираат кон ова училиште. Локациската положба, комбинирана со постојаниот пад на ученици од сите националности што резултира со празни одделенија и во останатите основни училишта, овој проблем од година во година сè повеќе го истакнуваат.

Во суштина, станува збор за комбинација од два реални проблеми: прво - падот на бројот на ученици воопшто во сите училишта, второ - избор на родителите од македонска националност кои користејќи ја можноста која им ја даваше претходниот закон за основно образование, своите деца/ученици ги запишуваа по своја волја во други училишта, сепарирајќи ги на тој начин од децата Роми. Последиците од тоа се евидентни. Сегрегацијата, односно формирањето на етнички „чисти“ паралелки создава бариера меѓу учениците уште од најмали години, која може да донесе несогледиви дополнителни проблеми во иднина. Досега решението на овој проблем се бараше во законски измени и реонизација со барања за ограничување на родителите Македонци, но во реалност овие решенија не вродија со плод затоа што, секое решение кое значи наметнување на дополнителни барања врз одредена група, не е решение кое би се одржало на долг рок и како такво не е решение на проблемот. Од оваа причина, потребно е да се зборува за решение кое ќе значи вистинска промена во делот на реонизација, односно решавање на проблемот со малиот број на ученици земајќи ги предвид сите училишта со што природно ќе се реши и проблемот.

**Обезбедување на дополнителен сместувачки капацитет за ученици и студенти е исто врвен приоритет на краток рок.** Штип како град не располага со ученички дом, а двата државни студентски домови се со релативно ограничен капацитет, што го отежнува сместувањето на студентите и учениците. Создавање на соодветен капацитет во кој би се сместиле учениците и студентите на градот би му донеле бројни предности и тоа:

Поедноставен механизам за сместување значи поголема видливост и поголема конкурентност на училиштата од Штип како и на Универзитетот „Гоце Делчев“ кај сите заинтересирани ученици и студенти кои не се од нашиот град. Впрочем, на овој начин ќе се создаде простор кој ќе биде лесен за лоцирање и воочување од страна на заинтересираните ученици и ќе се овозможи поголема промоција на воспитно-образовните институции;

Финансиска заштеда во форма на намалени трошоци за превоз на учениците, што е од огромно значење за средните училишта во Штип бидејќи тие се прилично обременети со финансики издатоци за обезбедување на бесплатен превоз на своите ученици. Овде како пример може да се наведе ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ кој за превоз на околу 45 ученици годишно издвојува помеѓу 12 и 18 милиони денари. Доколку на ова се додадат и трошоците за превоз кои ги создава училиштето „Јане Сандански“, но и училиштето „Коле Нехтенин“ се доаѓа до сериозна сума, чија што заштеда и реинвестиција би значела значително унапредување на образованието во Штип.
Поттик на развојот на локалната економија поради фактот дека во градот постојано ќе престојуваат поголем број на ученици и студенти. Нивниот престој позитивно ќе влијае на стопанството во градот.
Поголема безбедност за студентите и учениците, кои ќе бидат сместени во ученичките домови како институции кои претставуваат организиран, безбеден простор, со што истовремено ќе се намалат можностите за несакани девијантни појави.

Од сето ова, можеме да констатираме дека на Штип му е потребен студентски и ученички дом и тоа во најбрз можен рок, Затоа, сметаме дека е потребно да се разгледаат можностите за преадаптација на дадените капацитети со кои градот располага во моментот, со цел по пат на оптимизација, за краток временски период ова да стане реалност, односно градот да добие семстувачки капацитети за ученици и за студенти.

### *Приоритети на општина Штип на среден рок :*

**Комплетна енергетска ефикасност** на постојаните објекти со кои располагаат училиштата и тоа преку комплетна санација на кровните површини, промена на столаријате, поставување на енергетско ефикасни фасади и фотоволтаични панели. Ова се постапки кои во текот на претходните години се реализираа во повеќе училишта, но потребно е истите да бидат комплетно спроведени во секој објект за што е потребно постојано и континуирано инвестирање во истите.
**Целосна дигитализација и имплементирање на современи технологии** во сите училишта, со што ќе се подигне нивото на образовниот систем и ќе ја доближи нашата држава до државите со добро организиран и ефикасен воспитно-образовен систем.
**Имплементирање на едносменска настава** во сите основни и средни училишта. Едносменската настава е политика на Министерството за образование и наука, која се покажа како корисна. Во нашата општина таа се спроведе во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“. Ова училиште веќе генерира заштеди, што само по себе покажува дека имплементирањето на оваа мерка во сите училишта ќе овозможи значителни заштеди во делот на режиските трошоци. Ова пак, од друга страна ќе отвори нови можности за финансирање на останатите активности, како на пример, инвестирање во енергетската ефикасност или пак дигитализација на училиштата.

### *Приоритети на општина Штип на долг рок*:

Како приоритет на долг рок сметаме дека треба да биде постигнување на нивото на опфат на деца на предучилишна возраст во детските градинки кој го имаат државите во Европската унија, а тоа е над 90%.

Покрај опфатот, друг приоритет би бил нашите училишта да го постигнат нивото на опременост кој го имаат училиштата во високо-развиените држави, а ресурсите да бидат максимално и рационално искористени за обезбедување на најдобрите можни услови за нашите ученици.

Во делот на инклузија на учениците со попречености, нешто на што училиштата во Штип посветија значајно внимание во претходниот период, потребно е да се продолжи со примена на активните процедури т.е. етапно зголемување на физичката пристапност на училиштата, но и следење на европските практики и политиките на Министерството за образование и наука.

## Стретегии и процедури

За остварување на претставената визија и мисија, односно реализација на поставните цели на краток, среден и долг рок, потребно е да се развијат соодветни стратегии и методи кои ќе се применуваат.
Прв метод за создавање на стратегии со кои ќе се реализираат одредени активности за подобрување на образованието е користење на знаењата, односно примената на добрите практики кои се веќе импелментирани во развиените држави и државите од соседството. Учењето од грешкте на другите, но и примена на она што вродило со успех во соседството е најбрзиот и најекономичниот начин за генерирање на процедури за работа. На овој начин се создаваат „бесплатни“ процедури за функционирање на системот.
Вториот метод е развивање на комплетно нови стратегии што би значело и нови процедури кои ќе бидат создадени за специфичните проблеми со кои се соочува нашиот град, а во насока на реализација на поставените цели и активности.
Третиот метод би бил комбинација од претходните два методи на развивање на процедури. Ова значи дека користењето на искуството т.е. добрите практики понекогаш може да се искористи како почетна точка за развивање на нови модели, кои во даден случај би биле слични, но според потребата и би биле комплетно различни од она што е користено на друго место сè со цел создавање на соодветно автентично решение за домашниот проблем или цел која сакаме да ја постигнеме.

Согласно наведените стратегии, за постигнување на предвидените цели можат да се наведат следниве процедури:

За постигнување на посакуваното ниво на оптимизација на ресурсите, треба да направиме една споредба на состојабата во европските држави и кај нас. Имено, европските процеси ни покажуваат дека соодносот на бројот на ученик/наставник изнесува 12.2 ученици на еден наставник, според податоците за 2023 година. Имајќи го предвид фактот дека овој број во нашиот град е дури и едноцифрен, што значи помалку од 10 ученици на еден наставник, би можеле да заклучиме дака состојбата и не е така лоша и дека има речиси идеален сооднос. Но, не можеме да побегнеме од фактот дека намалениот број на ученици од година во година, а истиот број на наставници, го прави целиот процес прескап за нашата држава. Во оваа насока е потребно да се развијат процедури кои со тек на време овој број ќе го ограничат на рацио кое е дозволиво за нашата држава, односно согласно имплементираната процедура нема да се дозволат вработувања кои би го загрозиле економски прифатливото рацио. Овде е потребно да се разграничи бројот на ученици во една паралелка која е определена како законски минимален број од ученик/наставник рацио. Законски утврдениот минимален број на ученици со одлука на совет по одобрение од МОН е активност која се спроведува и не значи дека би била забранета со оваа процедура. Ограничувањето на она што се смета за економски оправдано на среден рок, е активност која мора да се спроведува со оваа процедура и со која би се ограничиле вработувањата на среден рок иако процедурата би почнала да се имплементирала уште веднаш, односно во најкраток можен рок.

Во делот на оптимизација на ресурси преку воведување на едносменска настава, потребно е да се развие процедура преку која активно ќе се следат повиците на Министерството за образование и наука, европските грантови, но и генерарираните заштеди од останатите активности. На овој начин ќе се обезбеди финансирање за доградби на простории во училиштата каде што истото е потребно, а сè со цел преминување кон едносменско работење.

За развивање на процедура за планирање на идните потреби од соодветен наставен кадар, потребно е да се зголеми соработката помеѓу училиштата, Универзитетот „Гоце Делчев“ и Агенцијата за вработување. На овој начин универзитетот ќе има информација што и кога треба да „произведе“ за да ја задоволи потребата од дадениот профил, односно да ја регулира застапеноста на одредени образовни профили со воведување на дефицитарни, или пак „паузирање“ на одредени суфицитарни професии, секако во координација со податоците со кои располага Агенцијата за вработување.

Во делот на опфатот на учениците во предучилишно образование, потребно е исто така, да се користат европските практики кои на крај би го зголемиле опфатот на учениците и би нè приближиле на европските процеси. Овде е потребно да се изработи и дополнителна процедури за редовно ажурирање т.е. прочистување на списоците на деца, со цел отстранување од статистиката на оние деца кои заедно со своите родители не се повеќе во нашата држава.

При решавање на проблемот со сеграгација на учениците Роми, како интересен пример може да се земе решението на Република Хрватска која имала слично искуство. Решението кое е имплементирано во Република Хрватска на крај се сведува на изградба на ново училиште со високо ниво на опременост исклучиво за учениците Роми (близу до ромската населба). Ова решение имало за цел да ги мотивира учениците од другите националности да го избираат ова училиште поради фактот што станува збор за нова зграда, со високо ниво на опременост. Во склоп на училиштето е изградена и детска градинка со цел зголемување на атрактивноста на истото. Реалноста од оваа практика во Хрватска покажала дека сеграгацијата останала, со тоа што со тек на време истата се има „прелеано“ во асимилација.

Ова може да биде поттик за примена на третиот модел за развивање на процедури, односно создавање на комплетно нова процедура. Имено во Хрватска имаме ново училиште само за ученици Роми, а во нашиот град поприфатлива би била ситуација кога учениците Роми би се сместиле во училишта кои учениците од другите националности ги гледаат како атрактивни. Со ова би се постигнала целта која ја има поставено Хрватска, но на друг, алтернативен начин што би значел и можност за дополнителна оптимизација на средствата.

Изградбата на ученички и студентски дом не може да се претстави како процедура, но може да произлезе при спроведување на останатите активности прикажани во овој дел.

## Број на ученици и наставен кадар во училиштата

Училиштата постојат за учениците, а наставниците се тие кои што своето знаење им го предаваат на идните генерации со цел креирање на подобро општество за сите нас.

Наставен кадар е потребен за секој наставен предмет кој е дел од дадено одделение или година. Соодветноста на наставниот кадар се определеува согласно нормативот за наставен кадар кој е составен дел од наставната програма изработена од БРО (Биро за развој на образование) или ЦСОО (Центар за стручно образование и обука).

Согласно законот, во основното образование наставата кај нас се организира од прво до деветто одделение, додека пак во средно образование од прва до четврта годин, а во дадени насоки од средно стручно образование и до трета година.
Согласно член 53, став 1, алинеја 4, од Законот за основно образование, бројот на ученици во паралелката е од 20 до 30 ученици. Согласно истиот член од законот, дадена е опција овој број да биде и помал од 20 ученици, по добиена согласност од основачот, а претходно добиено позитивно мислење и од Министерството за образование и наука.
Согласно член 28, став 1, од Законот за средно образование, бројот на учениците во паралелките во јавните училишта не може да биде помал од 25 и поголем од 34 ученици. Овде исто така, е предвидена можност за формирање на паралелки со помал број на ученици, по претходно добиена согласност од основачот, а по позитивно мислење од Министерството за образование и наука на РСМ.
Доколку ја погледнеме состојбата во државата, а со тоа и во нашиот град пред 20 или 30 години, тогаш можеме да констатираме дека речиси во секое училиште бројот на ученици во едно одделение/паралелка бил речиси еднаков или многу близу до законски утврдениот максимум. Денес, за жал, имаме ситуација кога бројот на ученици во голем број од училиштата е близу или е под законски утврдениот минимален број на ученици т.е. речиси во сите училишта се формираат паралелки со помал број на ученици.
Во продолжение се дадени табели со податоци за бројот на ученици во тековната 2025/2026 година:

Табела 1 Број на ученици и наставници во основните училишта во Штип

| Училиште | Број на ученици | Број на наставници | Ученик/наставник |
|---|---|---|---|
| ООУ „Ванчо Прке“ | 1181 | 94 | 12.56 |
| ООУ „Славејко Арсов“ | 291 | 35 | 8.31 |
| ООУ „Тошо Арсов“ | 634 | 59 | 10.75 |
| ООУ „Гоце Делчев“ | 589 | 61 | 9.66 |
| ООУ „Димитар Влахов“ | 908 | 66 | 13.76 |
| Вкупно основно образ. | 3603 | 315 | 11.43 |

Во табела 1 е прикажан бројот на ученици во секое основно училиште како и бројот на наставници вработени во дадените училишта. Врз основа на овие податоци за секое училиште е прикажан и соодносот ученик/наставник кој покажува колку ученици има во училиштето на секој вработен наставник во истото. Впрочем соодносот ученик/наставник се користи како индикатор за квалитетот на образованието**,** бидејќи директно укажува колку ефикасно се користат човечките ресурси во училиштето и каков е пристапот кон учениците**.** Во таа насока**,** помал сооднос значи дека наставникот може да посвети повеќе време на секој ученик, односно има можност повеќе да помогне индивидуално и да го поттикне личниот развој, но во исто време покажува и систем кој е поскап, односно бара поголеми финансики средства. Од друга страна, поголемиот сооднос значи дека наставникот има повеќе ученици, што пак може да доведе до ситуација истиот да не може да посвети подеднакво внимание на сите ученици. Тоа би можело да влијае на квалитетот на наставата. Поголем сооднос може да покаже дека системот не располага со доволно финансии или пак имаме појава на недостиг на наставници.

Според податоците од Eurostat[1] за 2023 година просечниот соодност ученик/наставник во основното образование во Европската унија изнесува 13.4, каде поединечно би се истакнале Франција со 18.1, Холандија со 16.2 и Германија со 15.2, понатаму Финска и Шведска со 12.4 и 12.6, како и Луксембург и Грција со 8.6 и 8.2. Според овие податоци, во 2023 година просечниот соодност ученик/наставник во Република Македонија е 13.8, и според достапните податоци истиот е пресметан на околу 7700 вработени наставници во основното образование, а најновите податоци покажуваат дека националниот просек за учебната 2024/25 година бележи намалување и изнесува 10.6.
Видливо од Табела 1, во основните училишта на територија на Штип, најмал соодност ученик/наставник има во ООУ „Славејко Арсов“, додека пак најголем соодност ученик наставник има во ООУ „Димитар Влахов“ Штип. Просекот на соодносот ученик наставник доколу во пресметка се земат сите пет училишта, изнесува 11.43. Видливо од дадените податоци може да се заклучи дека во делот на основното образование во моментов во Штип имаме просечна вредност на ниво на општина кој е под државниот просек за 2023 година, но и под европскиот просек. Во превод, ова значи дека во Штип системот издвојува поголеми финансии за финансирање на наставниот кадар т.е. повеќе од средствата се користат за плати на вработените.
Во изготвениот план за оптимизација на основните училишта во Штип од страна на УНДП, како оптимален број на наставници е земен бројот 268, што е за 47 или 15% помалку од она што во моментот е реалност во петте основни училишта. Ова не значи дека е предвидено отпуштање на вработените наставници, туку нивно природно намалување така што на испразнетите места по основ на пензионирање не би се вработувале нови наставници. Она што во моментот е пракса во Македонија е константно заменување на секој наставник кој заминал во пензија со нов наставник, што впрочем е и причина за ниското рацио ученик/наставник.

Табела 2 Број на ученици и наставници во средните училишта во Штип

| Училиште | Број на ученици | Број на наставници | Ученик/наставник |
|---|---|---|---|
| РЦСОО „Коле Нехтенин“ | 702 | 60 | 11.7 |
| СОУ „Јане Сандански“ | 684 | 55 | 12.44 |
| СОУ„Димитар Мирасчиев“ | 91 | 20 | 4.55 |
| СОУ „Славчо Стојменски“ | 408 | 45 | 9.07 |
| ДСУ „Искра“ | 58 | 18 | 3.22 |
| ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ | 131 | 85 | 1.54 |
| Вкупно средно образ. | 2074 | 283 | 7.33 |
| Вкупно средно општински училишта | 1183 | 120 | 9,86 |

Ситуацијата во средното образование во Штип покажува дека соодносот ученик/наставник е уште помал и изнесува 7.33 доколу се земат во предвид сите средни училишта т.е. 9.86 доколку во математиката се вклучат само општинските средни училишта (без државните). Најниска вредност на показателот видливо е присутна во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ и ДСУ „Искра“ Штип, што е разбирливо доколку се земе во предвид фактот дека „Сергеј Михајлов“ е средно музичко училиште и како

[1] https://ec.europa.eu/eurostat/statisticsexplained/index.php?title=Primary_education_statistics#:~:text=Number%20of%20teachers%20and%20pupil%2Dteacher%20ratios,Table%201:%20Pupil&text=The%20pupil%2Dteacher%20ratio%20is,and%20Spain%20(243%20000).

уметничко е од посебен интерес за државата, а ДСУ „Искра“ Штип е училиште за ученици со попречености, што исто така е спицифична област.

Показателот ученик/наставник кај општинските средни училишта покажува најмала вредност кај СОУ„Димитар Мирасчиев“. Ова значи дека текстилното училиште се соочува со сериозен предизвик кога станува збор за привлекување на ученици. Гимназијата „Славчо Стојменски“ според показателот, исто така се соочува со проблеми во овој дел т.е. заостанува зад останатите средни стручни училишта во Штип.

Доколку анализата се изврши на збирни податоци, тогаш во основните и средните училишта во Штип има вкупно 5677 ученици за кои се ангажирани вкупно 598 наставници, а соодносот ученик/наставник изнесува 9.49. Овој соодност е под државниот просек за учебната 2024/25 година, и под европскиот просек за 2023 година. Со овој показател може да се заклучи дека во училиштата во Штип се вложуваат сериозни средства за ангажирање на наставен кадар, што го прави образовниот процес релативно скап и што може индиректно да биде показател за преработеност во училиштата. Потребно е да се напомене дека помалиот соодност ученик/наставник сам по себе не е лош знак, напротив истиот може да се смета и за позитивен доколку определбата на државата е да финансира помали одделенија/паралелки, но притоа мора да се внимава, тоа да не води кон намалување на вложувањата во останатите подеднакво важни составни делови на образовниот процес како што се наставните помагала, дигитализацијата, енергетската ефикасност итн.

### Образовна инфраструктура

## Инфраструктура во основно образование

Како што се напомена на почеток, Оптшина Штип на својата територија има 2 детски градинки кои имаат вкупно 9 клона, има 5 основни училишта од кои 3 имаат и подрачни училишта, и има вкупно 6 средни училишта како и Униврезитетот „Гоце Делчев“ Штип. Дополнително на територија на Штип има и два државни студентски дома и неколку приватни.

Од аспект на состојбата во која се наоѓаат објектите во кои се сместени овие институции, може да се наведе дека имаме релативно добра опременост на згради и поголем дел од истите се во задоволителна состојба со напомена дека е потребно да се продолжат инвестициите кои веќе се реализираат во дел од училиштата, а значат нова кровна констуркција, фотоволатични панели, промена на столарија и поставување на енергетско ефикасни фасади. На овој начин на среден рок би можеле да кажеме дека сите објекти се енергетски ефикасни, со што генерираат заштеди, кои пак се реинвестираат повторно во образовниот процес.

Значи во однос на инфраструктурата, на прв поглед може да се констатира недостаток, односно потреба од изградба на ученички дом, зголемување на капацитетот за сместување на студенти, но и обезбедување на дополнителни простории за премин кон едносменска настава во сите училишта во Штип.

Во продолжение се дадени табели со податоци за инфраструктурата на училиштата:

Табела 3. Основни училишта во Штип

| Училиште | Број на подрачни училишта | Квадратура на централен објект | Квадратура на подрачни училишта |
|---|---|---|---|
| ООУ „Гоце Делчев“ | 2 | 2,985 $m^2$ (внатре)<br>3,221 $m^2$ (двор)<br>1,384 $m^2$ (спорт.терени) | нас. Три Чешми<br>435 $m^2$(внатре)<br>112 $m^2$ (двор)<br>502,2 $m^2$- балон |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | сала<br><br>с. Шашаварлија<br>68 m²(внатре)<br>32 m² (двор) |
| ООУ „Димитар Влахов“ | нема | 5,372 m² (внатре)<br>3,963 m² (двор)<br>1,870m²(спорт.терени) | |
| ООУ „Ванчо Прке“ | 3 | 4,170 m² (внатре)<br>5,141m² (двор)<br>650m² (спорт.терени) | нас. Ново Село:<br>120 m²(внатре)<br>200 m² (двор)<br><br>с.Лакавица<br>110m² (внатре)<br>150 m² (двор)<br>150m²(спорт.терен)<br><br>с. Селце<br>120m² (внатре)<br>60 m² (двор)<br>100m²(спорт.терен) |
| ООУ „Славјко Арсов“ | нема | 1,071 m² (внатре)<br>2,000 m² (двор)<br>650 m²спортска сала | |
| ООУ „Тошо Арсов“ | 3<br>(подрачно училиште во нас. Чардаклија нема ученици) | 3,771 m² (внатре)<br>12,792 m² (двор)<br>210 m² (спорт.терени) | нас. Македонка<br>485 m² (внатре)<br><br>с. Чардаклија<br>50 m² (внатре)<br><br>С. Почивало<br>43 m² (внатре) |
| Вкупно | 5 централни згради;<br>8 згради за подрачни училишта | 17,369 m² (внатре)<br>27,117m² (двор) | 1,431m² (внатре)<br>554 m² двор |

Податоците покажуваат дека централните училишта во Штип располагаат со вкупно 17,369m² внатрешен простор во централните згради како и 1,431m² во подрачните училишта или вкупен простор во објекти од 18,800m². Имајќи го на ум фактот дека во основните училишта во Штип има вкупно 3603 ученика, во две смени, тогаш просечно за секој ученик во основните општински училишта во Штип во училиштата просечно има 10.44m².

Во рамки на Европската унија не постои податок кој определува колку простор просечно се користи за еден ученик, туку е утврден само минималниот простор кој изнесува 1.5m². Од она што може да се види од податоците, во Штип за секој ученик е обезбеден простор кој е за седум пати поголем од она што е утврдено како минимално потребен за спроведување на настава во основни училишта. Имајќи го на ум фактот дека овој простор е потребно соодветно да се загрее во зимскиот период т.е. да се излади во летниот период, се доаѓа до заклучок дека е потребно да се изврши оптимизација и тоа преку зголемување на бројот на ученици во една паралелка, воведување на едносменска настава, но и потенцијално намалување на објектите кои се користат како основно училиште во Штип. На овој начин ќе се генерираат директни заштеди, кои потоа би се вложиле во унапредување на останатите елементи од воспитно-образовниот процес.
Од аспект на просторните капацитети, односно бројот на простории со кои располагаат училиштата во Штип, достапни се следниве податоци:

ООУ „Ванчо Прке“ располага со 18 универзални училници и 21 специјализирани училници (кабинети);
ООУ „Гоце Делчев“ располага со 4 универзални училници и 15 специјализирани училници (кабинети);
ООУ „Димитар Влахов“ располага со 14 универзални училници и 11 специјализирани училници (кабинети);
ООУ „Славејко Арсов“ располага со 19 универзални училници и 3 специјализирани училници (кабинети);
ООУ „Тошо Арсов“ располага со 14 универзални училници и 8 специјализирани училници (кабинети);
Согласно наведеното, основните училишта во Штип располагаат со вкупно 69 универзални училници и 58 специјализирани училници (кабинети). Доколку се направи анализа со бројот на ученици, кој во овој момент се во основно образование (3603), и имајќи го на ум фактот дека сите основни училишта имаат настава во две смени, тогаш може да се заклучи дека 1802 ученика изведуваaат настава во вкупно 127 простории (универзални и специјални училници), што значи дека во секоја просторија во просек има по 14 ученика (што е под законски утврдениот минимум од 20 ученика во едно одделение во основно образование). Согласно моменталната поставеност и дадениот број на простории, при одвивање на настава во една смена се потребни 90 простории, под претпоставка да бројот на ученици во секоја биде еднаков на законски утврдениот минимум од 20 ученици, односно постои вишок од 37 училници.

Слика 1 Основни училишта во Општина Штип




Доколку се анализира слика 1, односно се погледне каде се географски лоцирани петте основни училишта (централните згради) видливо е дека:

ООУ „Ванчо Прке“ е лоцирано во самиот центар, непосредно до општинската зграда. Локациски „Ванчо Прке“ е најблизу до ООУ „Гоце Делчев“ и е оддалечено само 1км, додека пак е најодалечено од ООУ „Славејко Арсов“ и тоа 3.7км.

ООУ „Гоце Делчев“ Штип е лоцирано во близина на градскиот пазар, во т.е. ромско маало и оддалечено од 1.4км од ООУ „Тошо Арсов“ Штип исто како и од ООУ „Димитар Влахов“ Штип, додека пак до ООУ „Славејко Арсов“ Штип е на растојание од 2.7км.

ООУ „Димитар Влахов“ Штип е оддалечено 1.2км од ООУ „Тошо Арсов“ Штип, 1.5 од ООУ „Славејко Арсов“ Штип, а ООУ „Ванчо Прке“ е на растојание од 2.8км.

ООУ „Тошо Арсов“ Штип е лоцирано во населба „Осми ноември“, а во поглед на ООУ „Славејко Арсов“ Штип е оддалечено 1.7км, додека пак оддалеченост од ООУ „Ванчо Прке“ е 2.3км.

ООУ „Славејко Арсов“ Штип е лоцирано во населба Баби.

Од достапните податоци видливо е дека ООУ „Гоце Делчев“ Штип е речиси подеднакво оддалечено од речиси три основни училишта, односно оддалеченоста е само 1км од ООУ „Ванчо Прке“, додека пак ООУ „Тошо Арсов“ и ООУ „Димитар Влахов“ е оддалечено поеднакво т.е. 1.4км. ООУ „Гоце Делчев“, Општина Штип, но и Министерството за образование и наука и Република Македонија заеднички имаат проблем со сеграгација на учениците Роми за што е веќе водена постапка пред Европскиот суд за човекови права. Со оглед на фактот дека станува збор за училиште кое е подеднакво оддалечено од три останати основни училишта, а оддалеченоста не надминува 2км, се јавува можност за оптимизација на ова училиште и распоред на учениците согласно можностите во овие три училишта со што би се надминал проблемот со сеграгација на учениците Роми, но и би се отворил простор за пренамена на училишната зграда. Патната инфраструктура со која ова училиште е поврзано со сите останати делови на градот, покажува дека како почетна точка истото

е релативно близу до сите останати образовни институции во градот, како во основото така и во средното, но и во високото образование.

Табела бр. 4 : Оддалеченост на подрачните училишта од централните згради

| подрачни училишта | Растојание од централното училиште |
|---|---|
| ПУ с.Лакавица од ООУ „Ванчо Прке“ | 16,5 km |
| ПУ Ново Село од ООУ „Ванчо Прке“ | 1,5 km |
| ПУ с.Селце од ООУ „Ванчо Прке“ | 15,5 km |
| ПУ Населба Три Чешми од ООУ „Гоце Делчев | 7,3 km |
| ПУ с.Шашаварлија од ООУ „Гоце Делчев | 10,3 km |
| ПУ Населба Македонка од ООУ „Тошо Арсов“ | 2,5 km |
| ПУ с.Почивало од ООУ „Тошо Арсов“ | 23,5 km |
| ПУ с.Чардаклија од ООУ „Тошо Арсов“ | 5,9 km |

Видливо од табела бр.4 е дека подрачните училишта во Штип се лоцирани на растојание до 16.5km, со исклучок на подрачното училиште во с.Почивало кое е оддалечено 23.5km од ООУ „Тошо Арсов“ Штип. Видливо е дека подрачното училиште во Ново Село е на само 1.5km од централната зграда на ООУ„Ванчо Прке“ и истото во моментот се користи како простор за организирање на продолжен престој каде во две смени се сместени 120 ученици од прво до петто одделение. Воочливо е, исто така, дека подрачното училиште во населба Македонка е оддалечено само 2.5km од централниот објект на ООУ „Тошо Арсов“ Штип, но и само 2km од подрачното училиште кое е во с.Чардаклија (подрачно училиште во кое во моментот нема ниту еден ученик).

При анализата на инфраструктурата со која располагаат основните училишта во Штип, а во насока на имплементирање на настава во една смена, согласно анализата за оптимизација изработена од УНДП, во сценарио каде што бројот на ученици во секоја училница не е помал од 24 потребно да се дообезбедат:
Во ООУ „Ванчо Прке“ Штип – 6 училници;
Во ООУ „Гоце Делчев“ Штип – 3 училници;
Во ООУ „Димитар Влахов“ Штип – 10 училници;
ВО ООУ „Славејко Арсов“ Штип – 4 училници;
Во ООУ „Тошо Арсов“ Штип – 4 училници.

## Инфраструктура во средно образование образование

Кога се зборува за училишта за средно образование потребно е да се потенцира дека надлежноста за истите е поделена помеѓу локалната и

централната власт. Бројот на средни училишта кои се под локална надлежност, а со тоа и бројот на објекти, е еднаков на три и тоа СОУ „Јане Сандански“ Штип, СОУ „Димитар Мирасчиев“ Штип[2] и СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ Штип. Бројот на средни училишта под директна надлежност на Министерството за образование и наука е исто така еднаков на три и тоа ДСУ „Искра“ Штип, ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ Штип, а почнувајќи од 01.09.2025 година и РЦСОО „Коле Нехтенин“ Штип.

Табела бр. 5. Средни училишта во Штип

| Училиште | Квадратура |
|---|---|
| СОУ „Јане Санднски“ | 2,641m² (внатре)<br>2,900 m² (двор)<br>709 m² (спорт.терени) |
| СОУ „Славчо Стојменски“ | 4,500 m² (внатре)<br>810 m² (двор)<br>480 m² (спорт.терени) |
| СОУ „Димитар Мирасчиев“ | 1,471, 79m² (вкупно)<br>357 m² (спорт.терени) |
| ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ | 1,050 m² (внатре)<br>450 m² (двор) |
| ДСУ „Искра“ | 3,843 m² (внатре)<br>2177 m² (двор)<br>600 m² (спорт.терени) |
| РЦСОО „Коле Нехтенин“ | 8,150 m² (внатре)<br>10,000m² (двор)<br>1,600 m² (спорт.терени) |
| Вкупно | 21,656m² (внатре)<br>16,694m² (двор) |

Податоците во Табела бр.5 покажуваат дека во средните училишта, за секој ученик се достапни 10.44m² во внатрешноста на училиштето. Исто како и основните училишта, така и кај средните училишта во внатрешноста е достапен голем простор за секој ученик со што се наметнува потребата од оптимизација на истиот со цел намалување на трошоците. Согласно достапните податоци со најголем простор во внатрешноста располага РЦСОО „Коле Нехтенин“ Штип, кој речиси е двојно поголем од просторот на второто по големина средно училиште, штипската гимназија. Со најмал простор располага СОУ „Димитар Мирасчиев“ Штип. Со цел оптимизирање на просторот овде постои потенцијална можност за обезбедување на простор во РЦСОО „Коле Нехтенин“ Штип за потребите на текстилното училиште со што би се обезбедиле дополнителни 1.500m² за Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип кој веќе располага со останатиот простор во зградата во кое е сместено текстилното училиште.

## Студентски и ученички домови во Штип

Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип со цел континуиран раст има потреба од обезбедување на соодветни сместувачки капацитети како за сегашните така и за идните студенти. Самиот универзитет претставува основен економски двигател во Штип и со тоа неговиот постојан раст е

[2]Објектот во кој е сместено СОУ „Димитар Мираслиев“ Штип е во владение на Универзитетот “Гоце Делчев“ Штип

неопходен за растот и развојот на градот. Универзитетот освен на домашни студенти, е избор и на голем број на странски студенти пред сè, од Република Турција.
Освен универзитетот, средните училишта во Штип исто така имаат потреба од ученички дом каде би ги сместиле учениците и со тоа значајно би ги намалиле финансиските издатоци кои се генерираат за обезбедување на бесплатен превоз. Впрочем, СОУ „Јане Сандански“ Штип како средно стручно училиште во областа на медицината е избор на голем број на ученици од Истокот на државата. Слична е ситуацијата и за „Коле Нехтенин“ со тенденција за зголемен интерес, посебно откако ова училиште прерасна во регионален центар. ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ како музичко училиште е едно од четирите уметнички училишта кои како примарна дејност го имаат изучувањето на музичката уметност во Македонија и како такво е избор на голем број на учениците од други општини во нашата држава. Согласно член 41-а од Законот за средно образование,  доколку ученикот е запишан во средно образование кое не е застапено во општината во која живее, му следува бесплатен превоз. Наведените средни стручни училишта се ретко застапени во останатите општини, што е причина истите да бидат атрактивни за ученици и од други општини. Но, од друга страна, тие генерираат високи трошоци за обезбедување на бесплатен превоз на учениците кои патуваат од останатите општини.

Табела 6 Државни студентски домови во Штип

| Државен студентски дом Браќа Миладиновци’ | Број на легла | Квадратура |
|---|---|---|
| | 236 | 2192 m ² |
| | | нема спортски терени |

Видливо од Табела 6, е дека Штип располага со еден државен студентски дом кој располага со вклупно 236 легла. Фактот дека Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип брои околу 10.000 студенти, ја нагласува потребата од обезбедување на дополнителни легла за студентите кои ќе го изберат овој универзитет каде ѓто ќе ја градат својата академска кариера. Во овој момент универзитетот не располага со електронска база на слободни легла, ниту пак има електронски достапни податоци каде што идните студенти би можеле да обезбедат информација за сместувачките капацитети. Поради ова, студентите се приморани да бараат алтернативни решенија кои често се поскапи или пак се помалку безбедни, како на пример, сместување во приватни сместувачки капацитети или пак постојано патување од својот дом до Штип. Наведените моменти не одат во прилог ниту на Штип, ниту на идните студенти или пак на универзитетот и тоа од повеќе причини:
Универзитетот ја нема потребната видливост, односно  се намалува неговата способност за привлекување на поголем број на студенти;
Студентите немаат гарантирано сместување, а алтернативното сместување во приватни капацитети не ја гарантира потребната безбедност и често бара големи финансиски издатоци што влијае на тоа студентите да бараат алтернативни методи како секојдневно патување;
Секојдневното патување освен што ја намалува присутноста на студентите, носи дополнителни ризици за нивната безбедност, влијае негативно на економијата во Штип.
Кога се зборува за ученички дом, согласно податоците во Табела 6, видливо е дека во Штип нема ученички дом и средните училишта немаат можност своите ученици да ги

сместат во општина Штип. Како резултат на наведеното се генерираат огромни трошоци за обезбедување на превоз. Од оваа причина произлегува констатацијата дека е потребно итно обезбедување на сместувачки капацитет за потребите на средните училишта во Штип.

## Наставен кадар во Општина Штип

Наставниот кадар е носечкиот човечки ресурс во „образовната индустрија". Како таков, неопходно е наставниот кадар да биде соодветен согласно утврдениот норматив во наставната програма. Дополнително, со цел следење на трендовите, потребно е наставниците да добиваат соодветни обуки за усовршување на знаењата и следење на општествените промени, пред сѐ во областа на дигитализацијата и вештачката интелигенција.

Согласно член 3 од Законот за наставници и стручни соработници во основно и средно образование, наставник во основно и средно училиште може да биде лице кое:

има завршено најмалку четири години соодветно високо образование во согласност со нормативот за наставен кадар утврден во наставната програма и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС. Квалификациите со кои се стекнуваат наставниците за професијата наставник во основно и средно училиште припаѓаат на VI А ниво од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

има положено стручен испит по истекот на приправничкиот стаж,

е државјанин на Република Северна Македонија,

го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата.

Во суштина, со членот 3 од овој закон се уредува кој сѐ ги исполнува условите да биде наставник во основно или средно училиште. Сепак, како исклучок од ова правило во член 11 стои дека: „доколку на јавниот оглас при вработување на наставник на определено работно време, не се пријави лице кое ги исполнува условите утврдени во членот 3, став 1, алинеја 1, тогаш може да се вработи и лице кое се јавило на јавниот оглас за наставник како единствен кандидат". Со член 11 во Законот за наставници и стручни соработници во основно и средно образование, се создава можност за ангажирање на несоодветен кадар да работи на работно место наставник по даден наставен предмет. Овој член од законот овозможува на работна позиција наставник да биде ангажирано било кое лице со било кој степен на образование доколку истото било единствен заинтересиран кандидат на јавниот оглас за вработување на наставен кадар на определено работно време. Праксата покажува дека за одредени наставни предмети со години се ангажира несоодветен наставен кадар, што директно влијае на квалитетот на образовниот процес.

Табела 7 Наставен кадар во основни училишта

| Училиште | Несоодветен наставен кадар | Соодветен наставен кадар | Наставен кадар вработен на неопределено | Наставен кадар вработен на определено | Вкупно наставен кадар |
|---|---|---|---|---|---|
| ООУ „Ванчо Прке" | 5 | 89 | 76 | 18 | 94 |
| ООУ „Гоце | 4 | 57 | 48 | 13 | 61 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Делчев“ | | | | | |
| ООУ „Димитар Влахов“ | 6 | 60 | 48 | 18 | 66 |
| ООУ „Тошо Арсов“ | 2 | 57 | 48 | 11 | 59 |
| ООУ „Славејко Арсов“ | 2 | 33 | 26 | 9 | 35 |
| Вкупно | 19 | 296 | 246 | 69 | 315 |

Во основните училишта во Штип се вработени вкупно 315 наставници, од кои 243(77,88%) се вработени на неопределено работно време, а 69(21,9%) се на определено работно време. Во поглед на соодветноста 19(6%) се несоодветни согласно нормативот за наставен кадар, а останатите 296(94%) се соодветни за работното место на кое се ангажирани. Доколку се анализира бројот на несоодветен наставен кадар во однос на бројот на наставници кои се ангажирани на определено работно време ќе се воочи дека речиси 28% од времено ангажираниот наставен кадар во основните училишта е несоодветен за работната позиција наставник по даден наставен предмет за која е истиот ангажиран.

Табела 8 Наставен кадар во средните училишта

| училиште | Несоодветен наставен кадар | Соодветен наставен кадар | Наставен кадар вработен на неопределено | Наставен кадар вработен на определено | Вкупно наставен кадар |
|---|---|---|---|---|---|
| СОУ „Јане Сандански“ | 2 | 53 | 43 | 12 | 55 |
| СОУ „Димитар Мирасчиев“ | 2 | 18 | 14 | 6 | 20 |
| РЦСОО „Коле Нехтенин“ | 2 | 58 | 46 | 14 | 60 |
| СОУ „Славчо Стојменски“ | 2 | 43 | 37 | 8 | 45 |
| ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ | 3 | 82 | 73 | 12 | 85 |
| ДСУ „Искра“ | / | 18 | 10 | 8 | 18 |
| Вкупно | 11 | 272 | 223 | 60 | 283 |

Податоците од Табела 8 покажуваат дека 272 (96%) од ангажираните наставници со соодветни со нормативот кој е дел од наставниот план за дадените наставни предмети. Согласно ова, бројот на несоодвени наставници е сведен на 11 или 4%. Од вкупниот број наставници, 223 (78.8%) се вработени на неопределено, додека пак 60 (21.2%) се вработени на определено работно време.

Збирната анализа покажува дека во Штип има вкупно 598 наставници од кои 30 или (5%) се несоодветни, согласно пропишаното образование во нормативот за наставен кадар. Имајќи на ум дека податоците од Агенцијата за вработување покажуваат недостаток на соодветен наставен кадар по наставните предмети: математика, физика, биологија, физичко образование, историја, ликовна уметност, латински јазик, порастот на ангажиран несоодветен наставен кадар во иднина има реална тенденција да бележи зголемување.

Алармантен е податокот дека за одредени наставни предмети, како на пример физика, во моментот не само што нема студенти туку воопшто и не постои катедра каде овој кадар би се создал во иднина. Во моментот во училиштата во Штип на работна позиција наставник по физика во најголем дел како реализатори на наставната програма се јавуваат лица кои не се соодветни согласно утврдените критериуми во нормативот за наставен кадар. Од оваа причина, потребна е активна соработка со Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип кој би го подготвил потребниот наставен кадар согласно утврдената динамика на пензионирање на активниот кадар во моментов. Во оваа соработка е неопходно да биде вклучена и АВРМ, која би обезбедила податоци од сопствената база и би дала информација кој кадар е дефицитарен на ниво на општина, но и на ниво на регион, со цел правилно планирање и насочување на расположливите ресурси.

Според достапните податоци во Планот за оптимизација на Општина Штип изработен од УНДП, просечната возраст на наставниот кадар во учебната 2024/2025 година изнесува 48.4 години. Овој број е нешто повисок на националниот просек, што воедно покажува дека можноста за намалување на наставен кадар по природен пат во текот на следниве неколку години е можна доколку навремено се преземаат соодветни мерки и активности.

## Инклузивност и еднаквост

Во рамки на принципот на инклузивност, училиштата во Штип треба активно да ги продолжат активностите кои беа спроведени во последниве четири година. Ретроспективно, во овој период се спроведоа активности со кои:

во ООУ „Ванчо Прке“ се изгради пристапна рампа; се обезбеди гасеничар за транспорт на инвалидски колички; се постави автоматска влезна врата; се адаптираа тоалетите на приземје да бидат достапни за учениците со попречености (во инвалидски колички);

во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ се изгради пристапна рампа, се обезбеди гасеничар за транспорт на инвелидски колички;

Во ООУ „Гоце Делчев“ се изгради пристапна рампа и дополнителен влез, се обезбеди сензорна соба;

Во ООУ „Тошо Арсов“ се обезбеди сензорна соба;

Во ООУ „Димитар Влахов“ се обезбеди сензорна соба;

Во оваа насока сè уште е потребно активно да се работи на унапредување на физичката пристапност на училишните згради, но и физичка пристапност во внатрешноста на самите училишта.

Штип како образовен центар на Истокот, дополнително доби ресурсен центар во ДСУ „Искра“ Штип преку кој за прв пат се обезбедуваат образовни асистенти и во средното образование. Учениците за кои родителите ќе сметаат дека не напредуваат доволно

во класичните средни училишта, сѐ уште ќе можат да го користат ДСУ „Искра“ како училиште каде децата би стекнале средно образование.
Еднаквоста е потребна и преку обезбедување на еднаков пристап до образование и за останатите ученици без разлика на пол, вера или националност. Во таа насока, а со цел борба против сеграгацијата на учениците Роми, Општина Штип и Советот на Општина Штип во минатите година активно работеа на усвојување на Акциски план со низа мерки за надминување на овој проблем. Во овие акти беше предивдена можност за обезбедување на бесплатен оброк; обезбедување на бесплатен превоз на учениците Роми до останатите училишта, усвојување на нова реонизација на деца-училишни обврзници и сет на други мерки и активности со цел справување со сеграгацијата. За жал, резултатите покажаа дека предвидените мерки и активности не вродија со позначајни промени во насока на подобрување на состојбата. Општата констатација е дека проблемот кој владее во ООУ „Гоце Делчев“ веќе повеќе од една деценија е перзистентен и имун на аплицираните мерки. Вреди да се напомене дека освен мерки од локалната власт, свои активности имаше и централната власт т.е. Министерството за образование и наука, преку промени во одредбите од Законот за основно образование. Согласно наведеното, а во насока на решавање на овој проблем потребно е да се планираат и преземат дополнителни мерки и активности кои конечно би значеле отстранување на сеграгацијата која како проблем воопшто не му прилега на Штип.
Со цел промовирање на еднаквоста Општина Штип во претходните три години активно работеше на обезбедување на бесплатни училишни униформи за најмалите ученици од прво до петто одделение, при што во просек секоја година беа набавени над 2.000 комплети училишни униформи и истите беа бесплатно поделени на учениците од одделенска настава во петте основни училишта. Во оваа насока во идниот период е неопходно да се работи на продолжување на оваа мерка, но и на нејзино проширување и во погорните одделенија со цел зголемување на еднаквоста помеѓу учениците.
Булингот односно врсничкото насилство како негативна појава е присутен и во училиштата во Штип, за што е потребно континуирано преземање мерки за негово превенирање, но и препознавање и надминување. Во оваа насока, потребно е училиштата итно да побараат помош од специјалисти во областа на социјалната грижа, детската психологија итн. кои би спровеле обуки на наставниците и родителите со цел активно превенирање на булингот. Врсничкото насилство влијае сериозно на квалитетот на образовниот процес и од таа причина во најкраток можен рок треба да се работи на негово спречување.
Потребни се развојни промени и во делот на предучилишното образование, каде во идниот период треба да се работи на унапредување на условите за најмалите, зголемување на безбедноста во детските градинки, но и активна работа со родителите во насока на информирање за придобивките кои ги носи предучилишното образование. Ова е една од забелешките кои неколку години се провлекува во извештаите на Европската комисија за нашата држава, а со тоа и за нашиот град. Во детските градинки во Штип нема листи не чекање, но сепак ова не значи дека детските градинки треба да се игнорираат, напротив потребно е активно инвестирање со цел привлекување на децата и максимизирање на опфатот.

## Интегрирање на детските градинки во образовниот процес

Како што досега веќе беше напоменато, образовниот систем е еден од главните столбови на секое општество и затоа е потребно истиот да одговара на потребите на поединецот, стопанството и државата. Во ситуација во која бројот на ученици е во постојан пад како на локално, така и на државно ниво, рационалното користење на ресурсите налага прецизно детектирањето на талентите уште од најмали години.

Образованието на најмалите најчесто започнува пред задолжителното основно образование, односно во предучилишното образование. Во нашата држава во моментот постои системската бариера на централно ниво помеѓу детските градинки и училиштата. Локалната власт има надлежности во работата на овие институции, но на централно ниво за основните училишта е одговорно Министерството за образование и наука, додека пак за детските градинки тоа е Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Ова создава пречки за вмрежување на овие институции во еден систем, а со тоа и оптимално користење на ресурсите. Доколку ги анализираме соседните држави, но и поголемиот број на европски држави, предучилишното образование речиси секаде е дел од Министерството за образование. Информациите од Владата на Република Македонија говорат дека и нашата држава на краток рок се стреми кон припојување на детските градинки кон образовните институции. Затоа е неопходно Општина Штип навремено да преземе соодветни чекори со цел полесно интегрирање на градинките кон образованите институции.

Според надлежностите кои ги имаат, детските градинки претставуваат системско решение за згрижување на децата од најмала возраст. Придобивките кои ги имаат децата кои се вклучени во предучилишно образование се бројни. Како прво, предучилишното образование овозможува стекнување на основни вештини за учење како броење, распознавање на бои, форми итн. Понатаму следи социјализацијата, преку можноста децата за прв пат да бидат во интеракција со свои врсници, но и возрасни, надвор од кругот на семејството. Минувајќи време надвор од своите семејства, на децата им се овозможува и учење на вештини за самостојно решавање на проблеми и за стекнување на самостојност, но во исто време, и емоционален развој, при што се учат да ги искажат, но и да ги контролираат своите емоции. Престојот на децата во средина во која има постојана интеракција со своите врсници, како и со згрижувачкиот и воспитувачкиот кадар, им овозможува збогатување на фондот на зборови кои ги употребуваат, односно ги унапредува нивните комуникациски вештини. Сè она што е наведено, нè води кон главната придобивка на предучилишното образование, а тоа е подготовка за идното формално образование. Детските градинки им овозможуваат на децата да формираат рутина, да ги научат правилата т.е. да знаат што се очекува од нив во основното образование.

Извештаите на Европската комисија говорат дека во Македонија во 2022 година опфатот на децата на возраст од 3-6 години во предучилишно образование, е 45%, додека пак во извештајот за 2023 година овој процент изнесува 42%. За споредба, европскиот таргет за 2022 година е поставен на 95% додека пак за 2023 година изнесува 96%. Извештаите покажуваат дека сме на половина од тој европски просек, а ситуацијата на терен пак, покажува уште една алармантна реалност. Податоците кои детските градинки ги имаат за децата, воопшто не ги трансферираат во основните училишта. Главна причина е непостоење на поврзаност помеѓу овие институции. Тоа во пракса значи дека во основното образование, процесот на детектирање на афинитетите на ученикот неговите предзнаења и понатамошната работа за негово

унапредување започнува од почеток, бидејќи се изгубени тие сознанија за сѐ што детето стекнало во  една, две, три или повеќе години колку што престојувало во градинката. Тоа се однесува на оние, и онака малку 42-45% од децата во Македонија, кои биле згрижувани во детските градинки.

Во прилог на оценување на состојбата како задоволителна во општината во спредба со други општини во државата, оди фактот дека во Штип нема листи на чекање, а градот располага со две детски градинки и девет клона. Но, сепак, како заклучок од оваа анализа произлегува сознанието дека е неопходно општината да преземе мерки и чекори за зголемување на опфатот на деца во предучилишното образование.

Воедно, потребно е благовремено да се преземат подготвителни чекори за трансфер на овие институции „под капата“ на МОН, поради што истите се и дел од овој документ.

## Мерки за стимулирање на учениците

Штип важи за образовен центар на Истокот, како во делот на средното, така и во делот на високото образование. Несомнено е дека и основните училишта располагаат со доволно добар кадар кој на учениците им овозможува основна подготовка за понатамошен личен развој. Колку се добри основните училишта е видливо  преку ТИМСС (TIMSS – Trends in International Mathematics and Science Study) што претставува интернационална студија во која се мерат трендовите во знаењата и способностите на учениците по математика и природна група предмети (физика, хемија, биологија, географија).

Во последното тестирање спроведено во месец април и мај 2023, во вкупно 58 држави во светот, од Република Македонија беа вклучени 150 училишта со 4633 ученици од четврто одделение. Во реализацијата на последното ТИМСС тестирање, од нашиот град беа вклучени вкупно четири основни училишта.

Резултатите од спроведеното тестирање покажаа дека Македонија се наоѓа на 44 местото во полето на математиката со просечен резултат од 474 и на 48 местото со просечен резултат од 439 во полето на природните науки. Интернационалниот просек во полето на математика е 503 што значи дека заостануваме со 29 поени во овој дел, додека во полето на природни науки 494 што ни носи заостанување на државно ниво од 55 поени.

